ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-150/6**

**Дата: 09.11.2009**

## НУ МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР - СКОПЈЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на НУ Македонски народен театар - Скопје (во понатамошниот текст МНТ) – сметка на основен буџет, за 2008 година, кои се прикажани на страните 9 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Сашо Миленковски, директор на МНТ, од 18.04.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 22.06.2009 до 31.08.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 20.10.2009 година под архивски број 0904-150/5 примени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

    - Забелешките по точките 10.1.1, 10.1.2, 10.2.1, 10.2.2, 10.2.4, 10.4.1, 10.5.1, 10.6.1 не се прифаќаат од причини што МНТ писмено ги објаснува причините за констатираните наоди без да достави нови докази со кои би се оспориле утврдените состојби и дава известување за мерките и активностите кои ќе се превземат во наредниот период. Постапувањето по препораките на ревизијата е предмет на посебна постапка регулирана со Законот за државна ревизија согласно кој Државниот завод за ревизија треба да се извести во рок од 90 дена по издадениот Конечен извештај за годината која е предмет на ревизија.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1 Систем на интерни контроли

11.1.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, МНТ нема воспоставено систем на интерни контроли и пишани процедури за разграничување на должностите и делегирање на овластувањата во процесот на плаќање. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на безготовинското и готовинското плаќање, ревизијата констатира дека за дел од направените расходи, фактурите не се потпишани од директорот, ниту пак од него овластено лице што ќе ја потврди веродостојноста на сметководствениот документ и реалноста на настанатата сметководствената промена. Дел од извршените исплати од благајната се без соодветна поткрепувачка документација од која ќе може да се утврди вредноста на поединечните услуги наведени во приложените сметкопотврди. Невоспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање, не обезбедува заштита на субјектот од евентуални измами и грешки и не дава доволно уверување во целосноста, точноста и законитоста на извршените исплати.

11.1.2. Ревизијата констатира дека во МНТ нема одредено лице кое ќе биде одговорно за материјално задолжување и раздолжување на основните средства и ситниот инвентар, што е спротивно на Законот и Правилникот

за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Невоспоставените процедури за контрола и чување на средствата создаваат ризик од настанување на проневери и ненаменско користење на истите.

**Препораки:**

1. Раководството на субјектот да воспостави систем на пишани интерни контроли во процесот на плаќање со кој прецизно ќе бидат делегирани надлежностите и овластувањата на одговорните лица, и да одреди лице кое ќе врши контрола на точноста и вистинитоста на сметководствените документи.
2. Директорот на субјектот да одреди лице кое ќе биде одговорно за материјално задолжување и раздолжување на средствата и ситниот инвентар.

### 11.2 Неправилна примена на акти

11.2.1. Спротивно на Законот за буџети, МНТ нема изготвено годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства утврдени по пооделни трошковни категории, ставки и потставки и истиот да го достави до Министерството за култура. Отсуството на финансиски план за годината што е предмет на ревизија, не обезбедува транспарентност во начинот на користење на средствата со одобрениот буџет за фискалната година и создава ризик од ненаменско користење на одобрените буџетски средства за 2008 година.

11.2.2. Според делбениот биланс склучен во септември 2007 година, наведено е дека за користење на објектот на Македонската опера и балет (МОБ) од страна на МНТ за изработка на декор, костими, реквизита и слично треба да се склучи посебна спогодба по писмен предлог изработен и доставен од страна на МНТ до МОБ и истата ќе биде составен дел на делбениот биланс. До денот на ревизијата не е склучена спогодба помеѓу двете страни која ќе го регулира взаемното користење на работниците за изработка на декорот и костимите според годишно и месечно утврден распоред, така што МНТ со години не ги користи горенаведените услуги од МОБ. Поради овие причини во текот на 2008 година по основ на набавка на производи и услуги за костимографија, се потрошени буџетски средства во вкупен износ од 810 илјади денари (760 илјади денари од буџетска сметка и 51 илјада денари од сметката за самофинансирачки активности) што е спротивно на Законот за извршување на буџетите.

11.2.3. Спротивно на Законот за буџети, вкупно превземените а неизмирени обврски на крајот на 2008 година во износ од 3.685 илјади денари, не се пријавени во Министерството за финансии заради нивно евидентирање во единствената база на податоци за преземени обврски во трезорот. Од тие причини за истите не се предвидени средства за наредната година, а имајќи во предвид дека опфаќаат 40% од вкупниот износ на средствата добиени за Годишната програма за 2009 година, се доведува во прашање нивното подмирување како и реализацијата на проектите содржани во Програмата.

11.2.4. Со извршениот увид во начинот на пресметка и исплата на платите и другите надоместоци за 2008 година, констатирани се следниве неправилности:

- МНТ со актот за систематизација донесен од декември 2007 година предвидел дека во рок од 5 дена од неговото стапување во сила ќе донесе нови решенија за распоредување на работни места за сите вработени. Спротивно на дефинираното со овој Правилник, вработените од Одделот за актери немаат решенија а останатите вработени истите ги добиле со задоцнување од половина година. За вработените од Одделот актери утврдувањето на коефициентите се врши по оценка на директорот во зависност од нивниот ангажман, без формално правен акт иако во Правилникот за систематизација и Колективниот договор на МНТ работните места се категоризирани во поодделни групи според работното искуство и репертоарската употребливост за што е утврден соодветен коефициент на сложеност. Исто така од увидот во овој акт и Колективниот договор за култура, ревизијата констатира дека одредбата од актот за систематизација за издавање решенија за распоредување на работни места не соодветствува со Колективниот договор за култура од 2005 година кој во своите одредби предвидува првенствено склучување на Договор за работа меѓу работодавецот и работникот, а издавањето решение за распоредување е во случај на прераспределување на работникот на друго работно место.
- Во месец септември 2008 година платата на вработените е зголемена за 30%, и тоа 10% со одлука на Влада за сите вработени во јавната администрација, а 20% се добиени по неформални инструкции од Министерството за култура. Зголемувањето на платата на вработените во рамките на овие 20%, е согласно измените на Колективниот договор на МНТ и се движи од 10-40%. Во месец октомври истата година е извршено намалување на масата наменета за плати во однос на претходниот месец за 8%, при што директорот извршил повторна распределба по овој основ само за вработените во Уметничкиот оддел и нивната директна техничка поддршка. Зголемувањето на платите извршено по оценка на директорот е без соодветен акт со утврдени критериуми за начинот на вреднување на вработените што создава можност за субјективно одлучување при нивната распределба;
- Спротивно на Законот за извршување на буџетите, во текот на целата година, вршена е исплата на надоместоци за храна и превоз до и од работно место за деновите кога вработените биле на службено патување;
- Управниот одбор нема донесено Решение за плата на директорот, спротивно на Статутот на МНТ.

11.2.5. За реализација на Годишната програма, МНТ во текот на 2008 година континуирано преку склучени авторски, изведувачки и други договори врши ангажирање на домашни и странски уметници и соработници (актери, сценаристи, режисери и други). Висината на нето надоместоците за нивното ангажирање е утврдена во склучените договори но без постоење на интерен акт со утврдени мерила и критериуми за утврдување на надоместоците за различни видови работи.

МНТ донела ваков Правилник во декември 2008 година, постапувајќи по Решението за извршен инспекциски надзор од ноември 2008 година на Министерството за култура.

Во текот на 2008 година по основ на овие надоместоци исплатени се вкупно 8.169 илјади денари (7.386 илјади денари од буџетска сметка и

783 илјади денари од сметката за самофинансирачки активности). Исплата е вршена преку Агенцијата за услуги од областа на авторско право и индустриска сопственост врз основа на Договор бр. 03-41/1 од 12.01.2007 година. Со увид во договорот за авторски права ревизијата констатира дека висината на агенциската провизија не е утврдена во Договорот а во фактурата изготвена од агенцијата збирно е наведен износот на надоместокот заедно со пресметан персонален данок на доход, агенциска провизија и данокот на додадена вредност.

Поради збирното прикажување на авторско-изведувачките надоместоци, МНТ не е во можност да изврши контрола и потврда на точноста на доставените фактури со што не обезбедува објективност на расходите по овие основи.

**Препораки:**

1. Одговорните лица во МНТ да изготват финансиски план за тековната година и по негово одобрување од Управниот одбор истиот да го доставaт до МФ.
2. Одговорните лица во МНТ да подготват писмен предлог врз основа на кој ќе се склучи Посебна спогодба со МОБ за користење на објектот на МОБ од страна на МНТ за изработка на декор, костими, реквизита и слично.
3. Одговорните лица во МНТ да го усогласат Правилникот за систематизација со Колективниот договор за култура и согласно истиот за сите вработени да се склучат договори за работа.
4. Одговорните лица да изготват акт во кој ќе бидат утврдени критериумите за начинот и висината на зголемувањето на платите на вработените и истиот да биде одобрен од Управниот одбор.
5. Управниот одбор да донесе Решение за плата на директорот.
6. При склучување на договор со застапничките агенции да се утврди висината на агенциската провизија, а во фактурите за нивна исплата посебно да бидат наведени: висината на надоместокот, јавните давачки и провизијата.

11.3 **Неправилно искажување на приходите/расходите**

11.3.1. По повод прославата на независноста на РМ, за организирање на Манифестацијата 8-ми септември, на МНТ се префрлени средства во износ од 4.000 илјади денари. Од нив за музички и актерски изведби исплатени се авторски надоместоци на изведувачите во вкупен износ од 2.120 илјади денари, за кои МНТ спротивно на Законот за облигациони односи има склучено договори по завршување на Манифестацијата. Исто така поради недоставена програма за видот на активностите и список на учесниците кои се ангажирани за нејзина реализација, ревизијата не се увери во реалноста и вистинитоста на направените расходи по овој основ, односно не можеше да го потврди нивното настанување дали извршените исплати соодветствуваат со реализираните изведби.

**Препорака**

1. Во иднина, доколку МНТ се јавува во улога на организатор на вакви и слични манифестации мора да има донесено детална Програма на сите изведби и учесници со планираните трошоци за таа намена, а договорите со изведувачите да се склучуваат навремено.

11.4 **Неправилности во Билансот на состојба**

11.4.1. Спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за користење и располагање со стварите на државните органи МНТ нема воспоставено сметководствена евиденција

на недвижниот и движниот имот добиен по спроведениот делбен биланс меѓу МОБ и МНТ за имотот на Македонскиот народен театар со ООЗТ со ограничена солидарна одговорност. Исто така опремата што е набавувана од страна на МНТ со години не се евидентира на позициите: Материјални средства и Извори на средства. Од овие причини извршен е само физички попис на опремата што е спротивно на Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба има за ефект нереално и необјективно искажување на позициите на Материјални средства и Извори на средства во Билансот на состојба на 31.12.2008 година.

11.4.2. Спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници прометот на благајната (девизната и денарската) не го вклучува прометот на дадените аванси на вработените за службени патувања во земјата и странство, за набавки на гориво и други добра и услуги. Во текот на 2008 година по овие основи вршени се исплати на аванси на вработените без истите да се евидентираат како побарувања во моментот на задолжувањето, поради што во одреден временски пресек во благајната се појавува фиктивен кусок споредено со сметководствената евиденција. Спротивно на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, дел од вработените не се раздолжуваат навремено во законски предвидениот рок, односно доцнат и по неколку месеци, што создава ризик за злоупотреба и времено финансирање на поединци на подолг рок.

**Препораки:**

1. Одговорните лица во МНТ да воспостават сметководствена евиденција на целокупниот недвижен и движен имот во сопственост на субјектот и да извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.
2. Одговорните лица во МНТ да воспостават сметководствена евиденција на средствата кои се исплатуваат на вработените за службени патувања во земјата и странство по основ на аванси, а вработените да се раздолжуваат навремено во законски предвидениот рок.

## 11.5 Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.5.1. Спротивно на Законот за култура, Законот за извршување на буџетите и Годишниот договор за учество и финансирање на Проект програма од национален интерес за културата, во 2008 година без обезбедена согласност за пренамена од Министерството за култура незаконски и ненаменски исплатени се средства во вкупен износ од 7.328 илјади денари, по следниве основи:

- За финансирање на програмски активности кои не се влезени во Годишната програма за 2008 година, направени се расходи во вкупен износ од 4.749 илјади денари;
- За тековни активности исплатени се повеќе средства од одобрените за оваа намена во износ од 2.211 илјади денари;
- За инвестициони работи направени се расходи и исплатени повеќе средства во износ од 368 илјади денари.

Како резултат на ваквото прелевање на средствата за други намени надвор од предвидените без согласност од Министерството за култура, МНТ реализирал 60% од проектите предвидени во Годишната програма.

11.5.2. Во текот на 2008 година исплатени се средства во вкупен износ од 473 илјади денари (441 илјади денари од буџетска сметка и 28 илјади денари од сметката за самофинансирачки активности) за користење на службени мобилни телефони без соодветен акт од страна на Управниот одбор за правото на користење на службени мобилни телефони. Исто така дел од вработените пет месеци биле корисници на два службени мобилни телефони. Ваквиот начин на работење е спротивен на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката и Законот за култура, што создава ризик од ненаменско користење на буџетските средства.

По извршениот инспекциски надзор од страна на Министерството за култура (Сектор за управен и инспекциски надзор) и донесеното Решение за мерките и активностите што треба МНТ да ги преземе, во месец декември Управниот одбор донел Одлука за користење на службени мобилни телефони.

**Препорака**

1. Директорот на МНТ да преземе соодветни мерки и постапки да не се отпочнуваат активности кои не се предвидени со Годишните договори односно, без обезбедена согласност за нивна пренамена од Министерството за култура.

## 11.6 Неправилна примена на Законот за јавни набавки

11.6.1. При спроведување на постапките за јавни набавки, МНТ неправилно го применила Законот за јавни набавки поради тоа што:

- набавките се реализирани без План за јавни набавки за вкупните потреби во тековната година по видови на стоки, услуги и работи,
- во одлуките за јавна набавка не се наведени износот и изворот на средствата потребни за реализација на набавката, а во дел од нив не е наведен составот на комисијата за јавни набавки,
- за постапките реализирани со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас (до 5.000 евра) не е изготвена поедноставена тендерска документација во која се дефинираат потребните количини, критериумите за избор и други информации потребни за поднесување прифатливи понуди,
- во дел од записниците на Комисијата за јавни набавки не е содржан предлогот за избор на најповолен понудувач,
- одговорното лице на МНТ, врз основа на изготвените записници на Комисијата за јавни набавки не носи одлука/решение за избор на најповолен понудувач, туку доставува само известување за извршен избор и
- не е водена евиденција за постапките со барање за прибирање на понуди, што е законска обврска да се доставува во електронска форма два пати во годината до Бирото за јавни набавки за склучените договори за јавни набавки/ добиените фактури во претходните шест месеци.

11.6.2. Од избраниот примерок на детални тестови ревизијата утврди дека без постапка за јавна набавка исплатени се вкупно 8.663 илјади денари (7.880 илјади денари од буџетска сметка и 783 илјади денари од сметката за самофинансирачки активности) за следните услуги:

- За застапување при исплата на надомест за авторски хонорари преку Агенција за услуги од областа на авторско право и индустриска сопственост со која МНТ во 2007 година склучила

договор на неодредено време (компонирање музика, режија, сценографија, костимографија, пишување драмски текстови за театарски претстави, подготовка и актерство во театарски претстави, уметничко-техничка реализација на претставите и друго), за што се исплатени вкупно 8.169 илјади денари (7.386 илјади денари од буџетска сметка и 783 илјади денари од сметката за самофинансирачки активности);

- За автобуски превоз на патници (актери и други лица), исплатени се вкупно 269 илјади денари, од кои:
  - по Договор бр.03-3663 од 22.07.2008 година, за превоз на релација Скопје-Сплит-Дубровник-Скопје за театарско гостување во Хрватска, исплатени се 208 илјади денари, и
  - 61 илјада денари за превоз на релација Скопје-Белград-Скопје;
- За транспорт на сценска опрема на релација Скопје-Сплит-Котор-Дубровник-Скопје за театарско гостување во Хрватска, исплатени се 225 илјади денари.

Неспроведување постапки за јавна набавка за наведените услуги има за ефект необезбедена конкуренција, нееднаков третман и дискриминација меѓу економските оператори, нетраспарентност и интегритет во доделувањето на договорите за јавните набавки и нерационално и ефикасно искористување на средствата.

**Препораки:**

1. Управниот одбор да донесе План за јавните набавки за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, со проценета вредност на набавката и утврдена динамика на реализација.
2. Целосно да се применува начинот и постапката на реализација на јавните набавки согласно Законот за јавни набавки.
3. МНТ да ги реализира наведените услуги со спроведување соодветен вид на постапки за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.4, Билансот на состојба на НУ Македонски народен театар – сметка на основен буџет, не ја прикажува вистинито и објективно финансиската состојба на ден 31 Декември 2008 година**,** а резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3, 11.5 и 11.6.2 кај НУ Македонски народен театар - Скопје – сметка на основен буџет, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 09.11. 2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 55,341 | 42,178 |
| **Вкупно приходи** | **55,341** | **42,178** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 30,381 | 22,229 |
| Резерви и недефинирани расходи | 15 | 42 |
| Стоки и услуги | 24,174 | 15,584 |
| Субвенции и трансфери | 13 | 3,683 |
| **Вкупно тековни расходи** | **54,583** | **41,538** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 758 | 640 |
| **Вкупно капитални расходи** | **758** | **640** |
| **Вкупно расходи** | **55,341** | **42,178** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 6,368 | 5,985 |
| **Вкупно тековни средства** | **6,368** | **5,985** |
| **Вкупна актива** | **6,368** | **5,985** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3,685 | 3,994 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2,683 | 1,991 |
| **Вкупно тековни обврски** | **6,368** | **5,985** |
| **Вкупна пасива** | **6,368** | **5,985** |